**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Љубен Лапе“ период 2022 – 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161, од 2019 година, 08-4389/1) Општинското основно училиште „Љубен Лапе“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од *2022 - 2024 година*.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ______________ година формираше *комисија за спроведување на самоевалуацијата* во следниот состав:

Викторија Пауноска – одделенски наставник, Наставник ментор

Тара Кораќ – стручен соработник - психолог

Елизабета Ефтимов – предметен наставник по математика

Катерина Зарков – одделенски наставник

Срѓан Ѓорѓевиќ - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот *март – јуни, 2024 година*. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење** | Добрила Ѓоргон – одговорен наставник<br>Невенка Стоева<br>Љупка Симоска<br>Даниела Гаштаровска<br>Елена Чорлевска<br>Јасмина Стефанова<br>Јасминка Костадиновска |
| **2. Постигања на учениците** | Соња Данева – одговорен наставник<br>Марија Новеска<br>Светлана Јовчевска<br>Емилија Цветановска |

| | |
|---|---|
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Милка Тримчевска – одговорен наставник<br>Сања Станисавовска<br>Снежана Мирчевска<br>Билјана Тасева<br>Александра Пешевска Митановска |
| **4. Управување и раководење** | Маја Божиновска – одговорен наставник<br>Фимка Сидовска<br>Александра Баевска<br>Ивана Цветановска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 26.6.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Наставните планови и програми се реализираат со примена на интерактивни современи наставни методи и техники и со користење на стручна литература и ИКТ во наставата.<br>Се изработуваат содржински квалитетни годишни, тематско – процесни, неделни и дневни планирања и сценарија врз основа на поставените цели и стандардите за оценување со наставните планови и програми.<br>Изработени се нови планирања врз основа на програмите според Концепцијата за основно образование и Концепцијата за воннаставвни активности.<br>За поквалитетна реализација на наставата потребно е да се продолжи со континуирана едукација на наставниот кадар во различни области на воспитно-образовниот процес според индивидуалните потреби и на учениците и на наставниците. Наставниците се вклучени во изборот на областите за својот понатамошен професионален развој.<br>Училиштето нуди изборни/ слободни изборни активности и предмети со кои на учениците им се дава можност да ги проширувааат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава.<br>Наставниците применуваат методи и техники кои овозможуваат интеркација меѓу наставникот и учениците како и интеракција ученик – ученик и кон секој ученик се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање<br>Во училиштето работи Инклузивен тим кој обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Сите наставници имаат изготвен ИОП за учениците со ПОП.<br>Родителите и учениците се задоволни од квалитетот на изведување на наставата. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.<br>Учениците активно се вклучени во проектните и во вонаставните училишни активности без разлика на полот, етничката припадност и разликите во способностите. Се води педагошка евиденција на реализираните вонаставни активности која служи за натамошно планирање и подобрување на квалитетот. Учениците учествуваат во подготовките на активностите за вонаставните активности по сопствен избор.<br>Училиштето има усогласени стандарди и критериуми за оценување на учениците и со нив учениците и родителите се целосно запознаени.<br>Наставниците изработуваат и применуваат различни инструменти за оценување на |

учениците користејќи ги поставените цели и стандарди за оценување според Концепцијата за основно образование. Наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
Учениците учествуваат и работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и во другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.

**Силни страни**

- Училиштето дава подршка на наставниците за нивно професионално усовршување и развој
- Наставните планови и програми се квалитетни и содржински целосно се реализираат;
- Родителите и учениците се информирани за наставните планови и програми, за измените според новата концепција и поставените стандарди за оценување;
- Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава (искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн)
- Примена на интерактивни современи наставни методи и техники за реализација на содржините на наставните планови и програми;
- Учениците за време на редовната настава добиваат можности за развивање на критичкото размислување и развиваат нови вештини;
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.
- Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивната етничка и верска припадност и нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите и мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето;
- Наставниците изработуваат и применуваат различни инструменти за оценување на учениците користејќи ги поставените цели и стандарди за оценување според Концепцијата за основно образование;
- Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени
- Наставниот кадар реализира проекти преку кои учениците учат за своите права и одговорности, за заштита на животната средина, за животот во општествената заедница и за односите меѓу половите и етничките заедници со вклучување на сите субјекти во воспитно образовниот процес;
- Наставниот кадар идентификува и работи со надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини и изработка на индивидуални планови за работа со овие ученици во различна област, како и учество на натпревари на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво.

| Слаби страни |
| --- |
| - Недостаток на асистивна технологија која е во функција на развојот на учениците со ПОП. |
| **Приоритети** |
| - Асистивна технологија која е во функција на развојот на учениците со ПОП |

| Подрачје 2: Постигања на учениците |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br><br>Учеството и постигањата на вонпаставните активности континуирано се следи и евидентира. Училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во воннаставните активности.<br><br>Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Училиштето има услови во него да учат деца со посебни образовни потреби ( има обучен кадар и има подготвеност за прифаќање меѓу учениците).<br><br>Училиштето врши идентификација на надарени ученици и им обезбедува поддршка во нивно надоградување.<br>Училиштето редовно изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Наставниците реализираат дополнителна настава во текот на целата година за сите ученици што покажуваат слаби постигнувања по одредени предмети, како и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области.<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Редовно изработува план за родителски средби. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.<br>Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. |

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците.

Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Најголемиот број наставници користат современи методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата.

Училиштето има ИКТ опрема што се користи во наставата и вonнаставните активности со цел обезбедување подобри услови за работа, но има потреба и од набавка на дополнителна опрема за поефикасна реализација на наставните содржини и подобрување на постигањата на учениците.

Наставниците посетуваат обуки и внесуваат новини во наставниот процес, користејќи нови методи, техники и стратегии за подобрување на постигањата на учениците.

**Силни страни**

- Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, како и по завршување на основното образование
- Училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во вонnаставните активности.
- Наставниците реализираат дополнителна настава во текот на целата година за сите ученици што покажуваат слаби постигнувања по одредени предмети
- Наставниците реализираат додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области
- Училиштето редовно ги информира родителите за редовноста, активноста и постигањата на учениците во учењето и активностите кои се презема за подобрување на нив
- Училиштето ги анализира причините за отсуство од настава, навремено известува и презема активности за зголемување на редовноста
- Училиштето редовно организира советување за учениците што се нередовни, со несоодветно однесување и со послаби постигнувања, со цел подобрување на успехот, редовноста и однесувањето на учениците, но многу мал е бројот на ученици што што се нередовни и со несоодветно однесување.
- Идентификување и работа со надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини и изработка на индивидуални планови за работа со овие ученици во различна област, како и учество на натпревари на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво.

**Слаби страни**

- Училиштето да има подобрен систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

| |
|---|
| - Недостаток на проток на информации на релација ученик – родител<br>- Училиштето нема доволно услови во него да учат деца со посебни образовни потреби ( нема доволно обучен кадар и има слаба подготвеност за прифаќање меѓу учениците, наставниците и родителите), недостаток на асистивна технологија која е во функција на развојот на учениците со ПОП. |
| **Приоритети**<br>- Да се подобри системот за идентификација и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот - доедукација на наставен кадар.<br>- Да се подобри протокот на информации на релација ученик – родител (да се организираат повеќе работилници за подобрување на комуникацијата)<br>- Набавка на асистивна технологија која е во функција на развојот на учениците со ПОП |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| - **Опис/резиме**<br>- Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Во училиштето се реализираат специфични вonнаставни активности по кои истото е препознатливо во средината.<br>- Училиштето има изградено систем на промовирање на постигнувањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.<br>- Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури, како и процедури за<br>постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување.<br>- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>- Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Се применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка.<br>- Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и ученички правобранител. Учениците членови на Ученичкиот парламент редовно се покануваат и присуствуваат на состаноци на Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет.<br>- Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата.<br>- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.<br>- Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите. Училиштето презема активности за вклучување |

на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето.

- Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, акции и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.
- Училиштето има протокол во кој се дефинирани и по кој постапува за сите облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.
- Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана од пушење, но не и за забрана за внесување и консумирање на алкохол и наркотични средства. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.Тоалетите се чисти во секое време од денот. Пред секој тоалет стои чек листа . Скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор редовно се чистат на секој одмор, а прозорците, вратите и другиот инвентар повеќе пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и е хортикултурно уреден.
- Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи.
- Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација.
- Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.
- Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства во соработка со општина Центар .
- Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции.
- Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции. Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.
- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

- **Силни страни**
- Училиштето е препознатливо во локалната средина и редовно се промовира преку медиумите.
- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.
- Во училиштето функционира Ученички парламент и учениците навремено и

| |
|---|
| целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес.<br>- Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.<br>- Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма.<br>- Училиштето е отворено за соработка со локалната средина и ги вклучува родителите и пошироката заедница во воспитно-образовниот процес.<br>- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето при насилство.<br>- Училиштето дава помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.<br>- Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.<br>- Вработените во училиштето се сензибилизирани за работа со деца со посебни потреби, има одлична соработка со ресурсниот центар “Златан Сремец’’ и секое дете со посебни потреби е покриено со образовен асистент.<br>- Училиштето се грижи за децата со емоционални проблеми.<br>- Во училиштето има истакнато знаци на видни места за забрана на пушење и има работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога. |
| **Слаби страни**<br>- Недоволен кадар (социјален работник, социолог, технички персонал).<br>- Хигиената во училиштето (сите заедно во училиштето да ја подигнеме нашата свест за почисто училиште).<br>- Во училишната зграда еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. |
| **Приоритети**<br>- Спроведување еднаш годишно на симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елемнтарни непогоди и друга опасност.<br>- Редовно одржување на хигиената во училиштето.<br>- Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на Училишниот одбор и истата е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се |

запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик. Библиотеката добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници согласно норматив.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.На секој приправник му се назначува наставник – ментор .

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, постигнувањата

| |
|---|
| на учениците, како и на развојот на училиштето во целина. |
| **Силни страни**<br><br>- Информации за наставниците што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br>- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.<br>- Училиштето обезбедува потребен потрошен материјал за реализација на наставните и вонинаставните активности.<br>- Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.<br>- Училиштето ги поттикнува наставниците стручно да се усовршуваат.<br>- Наставниците се запознаени со финансиските планови , извештаи , со трошењето на буџетот на училиштето.<br>- Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности во училиштето.<br>- Информирани се родителите од страна на претставникот од советот на родители за приоритетите кои треба да се постигнат во следниот период.<br>- Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>- Училишната библиотека е достапна за сите ученици.<br>- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>- Ученците се информирани за активности ги планира училиштето за следниот период.<br>- Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време.<br>- Учениците навремено се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи и веб страната на училиштето). |
| **Слаби страни**<br><br>- Училиштето има потреба од проширување на тимот на стручни соработници (социјален работник, социолог итн.).<br>- Проширување на училиштето (доградба на нови училници) поради зголемиот број на ученици кои учат во училиштето.<br>- Доопремување на училиштето со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини. |
| **Приоритети**<br><br>- Доградување на нови училници поради зголемен број на ученици.<br>- Обезбедување на ИКТ технологија и соодветна обука на наставниците за стекнување ИКТ вештини. |

**Предлог - мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Согласно добиените сознанија од сите подрачја при извршената самоевалуација на училиштето, *Комисијата за спроведување на СЕУ* ги посочува следниве предлог мерки кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**

**Подрачје 1 (Планирање, настава и учење)**

- Опремување на училиштето со асистивна технологија која е во функција на развојот на учениците со ПОП.

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**

**Подрачје 2 (Постигања на учениците)**

- Подобрување на системот за идентификација и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот – доедукација на наставен кадар.

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**

**Подрачје 4 (Управување и раководење)**

- Доопремување на училиштето со ИКТ технологија и соодветна обука на наставниците за стекнување ИКТ вештини.

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

Викторија Пауноска – одделенски наставник, наставник ментор

Тара Кораќ – психолог

Елизабета Ефтимов – предметен наставник по математика

Катерина Зарков – одделенски наставник

Срѓан Ѓорѓевиќ – родител